Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 40, 17 мај 2010 година

мај 2010 година
Штип

## СОДРЖИНА

**РЕФЕРАТ** за избор асистент за научната област математика на Факултетот за информатика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 4

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент за научната област информатика на Факултетот за информатика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 6

**РЕФЕРАТ** за избор на еден соработник во звање асистент од наставно-научната област архитектура, урбанизам и планирање на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 9

**РЕФЕРАТ** за избор на еден помлад асистент/асистент за наставно-научното подрачје биологија, биохемија и физиологија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 12

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент (специјалист) за наставно-научното подрачје хигиена на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 20

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент за научното подрачје клиничка медицина на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 23

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 31

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент за научното подрачје фармација на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 34

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во наставно звање предавач за наставната област логопедија на Високата здравствена школа при Факултетот за медицински науки во состав на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 39

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент за научната област кинезитерапија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 42

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент за научната област ортопедски болести на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 45

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент / асистент за наставно - научното подрачје фундаментални медицински науки на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 49

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во звање доцент за наставно-научната уметничка област пијано, камерна музика и методика на наставата по клавишни инструменти на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 55

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Борис Крстев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент за Наставно-уметничко подрачје пијано на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ..........61

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник за наставно-научната уметничка област методика на наставата по народни ора на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип .......... 64

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник помлад асистент/асистент по група предмети од наставно-научната област правни науки на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип .......... 76

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник помлад асистент/асистент по група предмети од наставно-научната област граѓанско право на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип .......... 79

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент за научната област уставно право на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип .......... 85

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник помлад асистент/асистент по група предмети од наставно-научната област деловно право на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип .......... 89

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник помлад асистент/асистент по група предмети од наставно-научната област казнено право на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип .......... 96

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник помлад асистент по група предмети од наставно-научната област теоретско-правни науки на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ..........100

**РЕФЕРАТ** за избор на лектор по германски јазик на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип .......... 104

**РЕФЕРАТ** За избор на двајца помлади лектори по англиски јазик на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип .......... 108

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање помлад лектор по руски јазик на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип .......... 112

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за учебното помагало „Практикум по механизација во земјоделското производство“ од Ристо Кукутанов од Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип и асистент м-р Иле Цанев од Факултет за земјоделски науки и храна при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје .......... 115

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за учебникот Механизација во земјоделското производство од авторите проф. Д-р Ристо Кукутанов од Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип и асистент м-р Иле Цанев од Факултет за земјоделски науки и храна при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје .......... 118

**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА УМЕТНИЧКА ОБЛАСТ МЕТОДИКА НА НАСТАВАТА ПО НАРОДНИ ОРА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП**

Со одлука на Наставно-научниот совет на Факултетот за музичка уметност при Универазитетот „Гоце Делчев“ – Штип, бр.1902-56/7 од 14.5.2010 година, избрани сме за Рецензентска комисија за избор на ***наставник*** за наставно-научната уметничка област ***методика на настава по народни ора***, на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. По разгледување на доставените документи, според Конкурсот објавен во дневните весници „Дневник“ и „Лајм“ на 5.5.2010 година, на кој се пријавија двајца кандидати:

– д-р Ванчо Жан Колев, вонреден професор
– м-р Владимир Ѓорѓе Јаневски, асистент на Одделот за етнокореологија на Факултетот за музичка уметност – Штип.

Комисијата го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

Комисијата ги разгледа документите на кандидатот д-р Ванчо Жан Колев: пријава, уверение за државјанство, кратка биографија, потврда за познавање на странски јазик, потврда за избор во звање вонреден професор (0702-403 од 4.8.2002 – Педагошки факултет „Гоце Делчев“ – Штип), список на стручни, стручно-научни и научни трудови на средби, симпозиуми, конференции, колоквиуми, конгреси, манифестации, секции, како и објавени трудови во зборници, списанија и слично (2002-2007), список-наслови на трудови (скрипти – учебници, трудови, написи, анализи, сепарати, прикази и сл. 1983-1997).

***Биографски податоци***

Кандидатот **д-р Ванчо Жан Колев** е роден во 1954 година, во с. Пиперово, Струмичко. На Академијата за уметности во Приштина дипломира во 1981 година. Магистерските студии ги завршува во 1996 година на тема *„Хармонските карактеристики на кантатата Сердарот од проф. Академик Властимир Николовски“.* Степен на доктор на педагошки науки на тема *„Едукација за слушање музика“* стекнува во 2000 година.

Кандидатот Ванчо Жан Колев во неговото професионално искуство од 2002 до 2007 година е избран за вонреден професор на Педагошкиот факултет „Гоце Делчев“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, по предметот Основи на музичкото воспитание со методика и музички инструмент. Кандидатот Колев во летниот семестар во 2004 година предава и на постдипломските студии на Педагошкиот факултет „Гоце Делчев“ во Штип. Во текот на 2004-2005 година кандидатот Ванчо Жан Колев е продекан за настава на Педагошкиот факултет „Гоце Делчев“ во Штип.

***Прилози од учества на средби, симпозиуми, конференции, колоквиуми, конгреси, манифестации, секции***

- **05/2002** *Карактеристики на музичкиот развој кај деца од предучилишно воспитување и одделенска настава*. Меѓународни педагошки средби – „Учителот на 21 век“, Битола - Охрид.
- **06/2002** *Перманентното професионално самообразование – проблем и реформски предизвик во воспитно-образовниот процес.* Меѓународна конференција, Китен, Р. Бугарија.
- **10/ 2002** *Местото, улогата и задачите на музичкото воспитание и образование во предучилишните установи.* Колоквиум со меѓународно учество, Осиек, Р. Хрватска.
- **10/2002** *Современи проблеми – функција и значење на музичкиот воспитно-образовен процес*. Меѓународна научна конференција, Добрич, Р. Бугарија.
- **2002** *Музичкото образование и емоционалните потреби на младите.* Педагошки факултет, Штип.
- **04/2003** *Функција на еднаквост и социјална интеграција во музичкиот воспитно-образовен процес.* Меѓународна научна конференција, Пловдив, Р. Бугарија.
- **05/2003** *Сличности и разлики во интеркултурното образование на балканските простори.* Конгрес на педагози, Охрид.
- **09/2003** *Систем на откривање, развивање и формирање на музичките способности и музикалноста кај личноста – важен фактор за превентивно воспитна работа.* Меѓународна научно-практична конференција, Китен, Р. Бугарија.
- **09/2003** *Развивање и формирање на музички способности и музикалност кај личноста.* Струшка музичка есен, Струга.
- **10/2003** *Современи проблеми на музичката педагошко-дидактичка взаемност во предучилишното воспитување и образование.* Меѓународна научна конференција, Пазарџик, Р. Бугарија.
- **2003/2004** *Демократизацција, опсервација, акултуризацција и комуникација на музичката уметност.* Педагошки факултет, Штип.
- **04/2004** *Музичко слушање, восприемање, доживување и изразување на студентите,* Педагошки факултет, Карлов- Прага, Чешка Република.
- **05/2004** *Педагогијата на музичкиот воспитно-образовен процес*, Педагошки факултет, Шумен, Р. Бугарија.
- **04/2004** *Детето и музичкото воспитание*. Академија за музички уметности Прага, Чешка Република.
- **04/2004** *Консултации за создавање концепции за студентси програми по музичка уметност на Катедрата за музички уметности*. Педагошки факултет Карлов, Прага, Чешка Република (панел дискусија).
- **2004** *Карактеристични основи на музичкиот процес во наставата*. Годишен зборник, Универзитет Карлов, Прага, Чешка Република.
- **09/2004** *Испитување на способности и карактеристики за музичкиот развој на деца од предучилишното воспитание и одделенска настава*. Струшка музичка есен, Скопје.
- **10/2004** *Нови модели и разбирања за музичката уметност во подготовката и квалификацијата на учителите,* балкански едукативен конгрес. Тракиски универзитет, Факултет за едукација, Едрене, Р. Турција.
- **10/2004** *Современи тенденции при развивање и формирање на музички способности и музикалност кај личноста*. Педагошки факултет, УКИМ, Меѓународен научен собир, Струга.
- **10/2004** *Процесот на стекнување на знаења, поврзувањето на теоријата со практиката и влијанието на културните вредности со класификација на самостојната работа – чинители и главни предуслови за школа без слаби ученици.* Свеучилиште во Риека, Филозофски факултет, Меѓународен научен собир, Бриони, Р. Хрватска.

- **11/2004** *Интеркултурниот раст и педагошката комуникација во процесот за унапредување на воспитно-образовната дејност*. Педагошки факултет, Пловдивски Универзитет, меѓународна научна конференција, Пловдив, Р. Бугарија.
- **11/2004** *Обучение и модели на методско аспектирање за музичката уметност во воспитно-образовниот процес*, Југозападен универзитет „Неофит Рилски“ - Благоевград, Меѓународна научно-пратична конференција, Благоевград, Р. Бугарија.
- **11/2004** *Едукативната форма и улога на музичкиот воспитно-образовен процес.* Софиски универзитет, научна конференција, Софија, Р. Бугарија.
- **2004** *Историските услови и подрачјето на естетските уметнички вредности,* Педагошки факултет „Гоце Делчев“ - Штип, Годишен зборник, Штип.
- **09/2005** *Интеркултуралноста во едукативниот процес*, Педагошки факултет „Гоце Делчев“ - Штип, Меѓународен конгрес, Штип**.**
- **2006** *Емпириска комуникација со музичко-содржинска анализа на либрета од опери на Кирил Македонски и Џузепе Верди*. Педагошки факултет „Гоце Делчев“ - Штип.
- **10/2006** *Улогата на музичките педагози во осовременувањето на музичкиот воспитно-образовен процес*. УКИМ, Педагошки факултет, Меѓународен научен собир, Скопје.
- **2006** *Современ методолошко содржински фундамент на музичката естетика.* УКИМ, Педагошки факултет-Штип, Штип.
- **10/2006** *Карактеристики и застапеност на интелектуалното воспитување во воспитно-образовниот процес.* Југозападен универзитет „Неофит Рилски“, Благоевград, јубилејна научна конференција, Благоевград.
- **06/2007** *Фундаментални аспекти за осовременување на воспитно-образовниот процес.* Меѓународна конференција, Стара Загора.

***Учебници и учебни помагала***

- **2001** Музички инструменти – клавир (скрипта) за студентите од предучилишно воспитување и одделенска настава на Педагошките факултети. Педагошки факултет „Гоце Делчев“, Штип.
- **2001** Основи на музичко воспитание и образование со методика, (учебник) за предучилишно воспитување и одделенска настава. Педагошки факултет „Гоце Делчев“, Штип.
- **2001** Музичко образование со ЦД – учебник за петто одделение (коавторство), Ирнел-Скопје.
- **2001** Музичко образование со ЦД – учебник за шесто одделение (коавторство), Ирнел-Скопје.

***Издадени книги***

- 2001 Основи на музичко воспитание и образование со методика, УКИМ-Скопје, Педагошки факултет „Гоце Делчев“, Штип.
- 2002 Срце да запее, песнарка македонски народни песни, ДСТТУ „Никола Карев“, Струмица.
- 2002 Практикум по основи на музичко воспитание и образование со методика, за одделенска настава, Педагошки факултет „Гоце Делчев“ – Штип.
- 2003 Едукација за слушање музика во воспитно-образовниот процес, Педагошки факултет „Гоце Делчев“, Штип.
- 2003 Едукативна комуникација за музичка илустрација во воспитно-образовниот проце Педагошки факултет „Гоце Делчев“, Штип.
- 2004 Музичка формално-хармонска анализа на концертот за виолина и оркестар Оп. 35 во D-dur од П.И.Чајковски, Педагошки факултет „Гоце Делчев“, Штип.
- 2004 Основи на музичката естетика, Педагошки факултет „Гоце Делчев“, Штип.
- Современа музичко-хармонска анализа – со пример и прилог, Педагошки факултет „Гоце Делчев“, Штип.
- Ајде да пееме, Педагошки факултет „Гоце Делчев“, Штип.
- Солфежи, Педагошки факултет „Гоце Делчев“, Штип.

*Награди*

– **1996 Награда „11 Септември“,** за постигнати резултати во образованието и музичката култура, Собрание на Општина Струмица.
– **2001 Годишна награда - Спомен плакета**, за особени резултати во развојот на педагошката теорија и практика во областа на музиката, Собрание на Општина Струмица.
– **2005 Годишна награда за особени резултати во научно-образовната дејност,** Собрание на Општина Струмица

***НАСТАВНО-ПЕДАГОШКА АКТИВНОСТ***

Од доставените писмени документи, Рецензентската комисија нема увид во хронологијата на наставно-педагошката активност на кандидатот д-р Ванчо-Жан Колев. Освен доставениот документ за избор во вонреден професор (Одлука бр.0202-405 од 4.8.2002 г.) по предметите Основи на музичкото воспитание со методика на музички инструмент на Одделот за одделенска настава и на Одделот за предучилишно воспитување, и Решението (бр.0204-237 од 1.4.2004 г.) со кое проф. д-р Ванчо Жан Колев се ангажира за изведување настава на постдипломски студии на отсекот Методика на музичкото образование, други документи од кои би се видел ангажманот на д-р Ванчо Жан Колев не се доставени. Истовремено, доставен е документ (Универзитетски билтен на УКИМ Скопје, бр. 920, од 15 мај 2007 година) од кој може да се види дека Рецензентската комисија доставила позитивен Извештај со предлог до Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет „Гоце Делчев“ во Штип, д-р Ванчо-Жан Колев да биде избран во звање редовен професор. Според наводот во Пријавата од проф. д-р Ванчо Жан Колев, процедурата е замрзната од страна на Републичкиот просветен инспекторат.

Недостасуваат систематизирани хронолошки податоци за професионалното вработување.

***НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА РАБОТА***

Кандидатот проф. д-р Ванчо Жан Колев се стекнува со академски VII/1 степен на образование – **професор по музичка уметност** на Универзитетот на Косово во Приштина, на Академијата на уметност, потоа VII/2 степен на образование - **магистер по музички науки**, УКИМ, Факултет за музичка уметност, на тема „*Хармонските карактеристики на кантатата Сердарот од проф. Академик Властимир Николовски“,* како и VIII степен на образование - доктор на педагошки науки, УКИМ, Филозофски факултет, на тема „*Едукација за слушање музика“.*

Од списокот на учества на стручни, стручно-научни и научни трудови на средби, симпозиуми, конференции, конгреси, манифестации и слични стручни и научни собири, штој кандидатот го достави до Рецензентската комисија, може да се види дека д-р Ванчо Жан Колев во периодот 2002-2007 учествува на 27 стручно-научни собири на повеќе универзитети од Балканот и во Чешка Република. Најголем дел од поднесените реферати се однесуваат на воспитно-образовниот процес од доменот на музичкото образование и едукација. Бидејќи нема доставено копии од рефератите, Рецензентската комисија нема сознанија дали рефератите се објавени, или само се соопштени на конференциите.

Кандидатот д-р Ванчо Жан Колев објавува вкупно 10 книги, доставени до Комисијата, кои исто така се однесуваат на музичката уметност во воспитно-образовниот процес, но и солфежи, современа музичко-хармонска анализа, музичка естетика.

Освен овие книги, доставен е список со учебници и учебни помагала, за кои комисијата нема увид, како и список со објавени статии, реферати, прилози и други стручни публикации со недоволно прецизни референци, без доставени копии од статиите.

Доставени се копии од добиени награди 3 (три) од Општина Струмица, благодарница од началникот на Генералштабот на АРМ и сертификат од USAID – креативна настава и учење.

Последните објавени прилози на проф. д-р Ванчо Жан Колев се до 2007 година.

Комисијата ги разгледа документите на кандидатот **м-р Владимир Ѓорѓе Јаневски: пријава, извод од матична книга на родени, уверение за државјанство, кратка биографија, потврда за познавање на странски јазик, потврда за одбранета магистерска работа и стекнато звање магистер по етнолошки науки (10-1066/2 од 10.5.2010 – Природно-математички факултет – Скопје), библиографија (2000-2010), приложени материјали за стручни и научни активности помеѓу два избора (2007-2010).**

***Биографски податоци***

Кандидатот **м-р Владимир Јаневски** е роден 1969 година, во Скопје. Основно и средно образование завршува во Скопје. Дипломската работа ја одбранува во 2002 година на тема „*Народната носија во Овче Поле*“. Степенот на магистер го стекнува во 2010 година на тема „*Етнолошки и етнокореолошки карактеристики на македонските традиционални народни ора по избрани примери*“.

Кандидатот м-р Владимир Јаневски своето професионално искуство почнува да го оформува во 1986 година, во Ансамблот за народни игри и песни „Танец“, како професионален играч – пејач. Од 2001 до 2007 година кандидатот е вработен во ДМБУЦ „Илија Николовски – Луј“ - Скопје, во насоката Традиционална музика и игра. Од 2007 година, кандидатот е вработен на Универзитетот „Гоце Делчев“, Факултет за музичка уметност на Одделот за етнокореологија, како асистент.

***Концерти и гостувања како ментор – селектор на студентите од Одделот за етнокореологија***

**Концертни активности во странство:** Бугарија (2008); Албанија (2008); Австрија (2009).

***Концертни активности во земјава:***

1. Денови на образование и наука, Скопски саем – 10.4.2008 г.
2. Година на македонскиот јазик - Македонски музички дијалекти, Даут-пашин амам – 9.5.2008 г.
3. Годишен концерт на ФМУ – Штип - 26.6.2008 г.
4. Промотивни концерти на ФМУ низ Македонија
   - Струмица – 15.7.2008 г.
   - Дојран – 16.7.2008 г.
   - Кочани – 17.7.2008 г.
   - Куманово – 18.7.2008 г.
   - Кавадарци – 19.7.2008 г.
   - Штип – 20.07.2008 г.

1. Охрид, Симпозиум организиран од страна на Институтот за етнологија и антропологија, 20-22.9.2008 г.
2. Патронен празник на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, 27.3.2009 г.
3. Денови на образование и наука, Скопски саем – 9.4.2009 г.
4. Промотивни концерти на ФМУ низ Македонија
   - Гевгелија – 10.8.2009 г.
   - Дојран - 11.8.2009 г.
   - Струмица – 12.8.2009 г.
   - Кавадарци – 13.8.2009 г.
   - Кочани – 14.8.2009 г.
   - Штип – 15.8.2009 г.
5. Годишен концерт на ФМУ – Штип, Пионерски дом – Штип, 18.12.2009 г.
6. Концерт во Битола, Етнофест, Дом на културата – 25.12.2009 г.
7. МОБ – Скопје, Мала сцена 27.1.2010 г.
8. Свечена академија по повод патрониот ден на УГД – 26.3.2010 г.
9. Настап за делегација при Европската унија – 6.4.2010 г.

10. Денови на образование и наука, Скопски саем – 14.4.2010 г.

**Концерти и гостувања како ментор – селектор на учениците од ДМБУЦ „Илија Николовски - Луј“**

**Концертни активности во странство:** Италија (2005); Бугарија (2005); Италија (2006); Бугарија (2006); Босна и Херцеговина (2008).

**Концертни активности во земјава:**

1. Скопско лето 2004 г., 2009 г. (целовечерен концерт)
2. Охридско лето 2009 г. (целовечерен концерт)
3. Годишни концерти: 2004, 2005, 2006, 2007, 2008, 2009 г.

Концерти и гостувања како пејач и играч во „Танец“

Хрватска (2001); Словенија (2001); Бугарија (2001); Велика Британија (2000); Грција (2000); Португалија (1999); Бугарија (1999); Грција (1997); Јапонија (1997); Босна и Херцеговина (1997); Словенија (1996); САД (1995); Канада (1994); Австралија (1993); Белгија (1993); Албанија (1991); Бугарија (1989); Германија (1989); Бугарија (1988).

***Активности како предавач***

- **08 / 2009** *Семинар за традиционална музика и игра,* Илинденски денови, Битола.
- **08 / 2007** *Корелација помеѓу етнокореологијата и сценската адаптација*, Илинденски денови, Битола.
- **12 / 2006** *Сцена и сценски движења*, по покана на Музичката школа „Мокрањац“, Белград, Србија.Позиција: предавач.
- **11 / 2006** Фестивал *Етноглас* во организација на Младинскиот дом од Панчево. Тема: *Главни карактеристики на македонската традиционална култура,* Панчево, Србија.Позиција: предавач.
- **11 / 2005** *Традиционалната музика и игра во образовниот систем во Македонија*, Музичка школа „Мокрањац“, Белград, Србија.Позиција: предавач.
- **03 / 2005** *Семинар за традиционална музика и игра* во организација на СОФАМ и АКУД Мирче Ацев. Теми: *Народните ора во Овче Поле, Методика на наставен час, Од терен до сценска адаптација, Народните носии во Овче Поле*, Преспа, Македонија.Позиција: предавач.
- **11 / 2004** *Семинар за традиционална музика и игра* во организација на СОФАМ и АКУД Мирче Ацев. Теми: Методика на наставен час, Од терен до сценска адаптација, Народните носии во сценските адаптации, Носиите во горновардарската етнографска целина, Битола, Македонија.Позиција: предавач.
- **23-27/09/2004** *У сусред народној игри Балкана,* Меѓународен семинар за студенти, професори и научници од областа на етнокореологијата, Шид, Србија. Теми: *Главни карактеристики на македонската традиционална игра* и *Од теренска работа до сценска адаптација*. Позиција: предавач.
- **07 / 2004** *Традицијата на Галичник*, Извиднички камп, Галичник, Македонија. Позиција: предавач.
- **07 / 2004** *Етносеминар*, во организација на Музичка младина на Македонија, Охрид, Македонија.Позиција: предавач.
- **3-8/07/2004** *Семинар за македонски народни ора,* Студентски фолклорен фестивал, Скопје, Македонија. Позиција: предавач.
- **08 / 2003** *Семинар за изворен фолклор*, Охрид, Македонија. Позиција: предавач.

***Истражувачки проекти со Одделот за етнокореологија (формирање на Лабораторија со архивски материјал за традиционална игра)***

- **2009** *Етнографски и етнокореолошки карактеристики на етничкиот предел Средорек и Жеглигово*, Истражувачки проект и теренска настава. Позиција: ментор.
- **2009** *Етнографски и етнокореолошки карактеристики на етничкиот предел Долна Преспа*, Истражувачки проект и теренска настава. Позиција: ментор.

- **2008** *Етнографски и етнокореолошки карактеристики на етничкиот предел Малешево*, село Блатец, Истражувачки проект и теренска настава. Позиција: ментор.
- **2007** *Етнографски и етнокореолошки карактеристики на етничкиот предел Мариово*, Истражувачки проект и теренска настава. Позиција: ментор.

***Изготвување на прирачници, програми и планови за средно и високо образование***

- **2007-2009** Прирачници за предметите: Етнокореологија со народни ора и Методика на настава по народни ора (визуелен пристап) за високо образование.
- **2009** Прирачник за предметот: Народни ора и танци за VII, VIII и IX одделение (за основно образование во сите училишта).
- **2004-2009** Наставна програма за предметите: Етнокореологија, Етнологија, Методика на настава по народни ора, Народно пеење, Историја на традиционална игра, Обредни игри (за средно образование).
- **2007-2010** Изготвување на наставни планови и програми за Одделот за етнокореологија.

***Фестивали и манифестации (жири)***

- **04/2005** Фестивал за традиционална песна и игра, Ињево, Радовиш. Позиција: претседател.
- **03/2006** Ревија на народни носии, Кривогаштани. Позиција: претседател.
- **04/2006** Фестивал за традиционална песна и игра, Ињево, Радовиш. Позиција: претседател.
- **03/2007** Ревија на народни носии, Кривогаштани. Позиција: претседател.
- **04/2007** Фестивал за традиционална песна и игра, Ињево, Радовиш. Позиција: претседател.
- **03/2008** Ревија на народни носии, Кривогаштани. Позиција: претседател.
- **04/2008** Фестивал за традиционална песна и игра, Ињево, Радовиш. Позиција: претседател.
- **03/2009** Ревија на народни носии, Кривогаштани. Позиција: претседател.
- **03/2010** Ревија на народни носии, Кривогаштани. Позиција: претседател.
- **03/2010** Државен натпревар за традиционална игра на Р. Србија, Панчево. Позиција: претседател.

***Активности и проекти***

**Од 1989** Собирање етнографски предмети и материјали од областа на етнологијата и етнокореологијата. Сопственик на:

- колекција на предмети од народни носии, систематизирани по етнографските целини во Македонија (1.504 предмети);
- преку 100 аудиоленти снимен етнографски материјал од областа на етнологијата и етнокореологијата;
- преку 30 видеоленти снимен етнографски материјал од областа на етнологијата и етнокореологијата;
- фонд на 200 комплетни носии за концертирање.
- **04 / 2002** *Етнографски и етнокореолошки карактеристики на етничкиот предел Бојмија*, Истражувачки проект и теренска настава со учениците од насоката Традиционална музика и игра при ДМБУЦ „Илија Николовски-Луј“ од Скопје. Позиција: ментор.
- **09 / 2003** *Етнографски и етнокореолошки карактеристики на етничкиот предел Пијанец*, Истражувачки проект и теренска настава со учениците од насоката Традиционална музика и игра при ДМБУЦ „Илија Николовски-Луј“ од Скопје. Позиција: ментор.
- **03 / 2004** *Етнографски и етнокореолошки карактеристики на етничкиот предел Овче Поле*, Истражувачки проект и теренска настава со учениците од насоката Традиционална музика и игра при ДМБУЦ „Илија Николовски-Луј“ од Скопје. Позиција: ментор.

- **04 / 2005** *Етнографски и етнокореолошки карактеристики на селото Смилево - мијачка оаза во брсјачката етнографска целина*, Истражувачки проект и теренска настава со учениците од насоката Традиционална музика и игра при ДМБУЦ „Илија Николовски-Луј“ од Скопје. Позиција: ментор.
- **10 / 2005** *Етнографски и етнокореолошки карактеристики на етничкиот предел Малешево*, Истражувачки проект и теренска настава со учениците од насоката Традиционална музика и игра при ДМБУЦ „Илија Николовски-Луј“ од Скопје. Позиција: ментор.
- **10 / 2006** *Етнографски и етнокореолошки карактеристики на етничкиот предел Азот*, Истражувачки проект и теренска настава со учениците од насоката Традиционална музика и игра при ДМБУЦ „Илија Николовски-Луј“ од Скопје. Позиција: ментор.
- **03-06/2004** *Обреди на премин*, Проект поддржан од Советот за радиодифузија за изработка на три етнографски филма. Позиција: автор и сценарист.
- **2006-2007** *Бојмија,* Истражувачки проект во организација на Ансамблот за традиционална музика и игра Бојмија. Финансиски поддржан од UNDP, Скопје. Позиција: носител на проектот и главен истражувач.
- **03-12/2007** *World dresses***,** Berg Encyclopedia, London, England
- **07/2009** Класификација на збирка носии и накит – сопственост на Благородна Јосифовска, Охрид. Позиција: истражувач-кустос.
- **04-09/2009** Класификација на збирката носии и други етнографски предмети во сопственост на Злате Давитковски, с. Режановце, Кумановско. Проект поддржан од Музеј Куманово и Институтот за етнологија и антропологија - Скопје. Позиција: истражувач-кустос.

***Изложби***

- **07/2009 МАКЕДОНСКИ НАРОДНИ НОСИИ,** МАНУ, Охрид.
- **07/2008 МАКЕДОНСКИТЕ ТРАДИЦИОНАЛНИ ОРА ПРИКАЖАНИ ПРЕКУ СТАРИ ФОТОГРАФИИ,** Бања Лука, Р. Босна и Херцеговина.
- **11-12/2006 МАКЕДОНСКИОТ ВЕЗ НИЗ ИГРАТА НА КОНЕЦОТ И ИГЛАТА,** од колекциите на Владимир Јаневски и Ангелина Крстева, Музеј на Град Скопје.
- **09/2003 ЗГОРНИ ОБЛЕКИ ВО МАКЕДОНИЈА,** од колекцијата на Владимир Јаневски, Модест 2003, Скопје.
- **11/1997 НАРОДНИТЕ НОСИИ ВО СКОПСКАТА КОТЛИНА,** од колекцијата на Владимир Јаневски, Музеј на Град Скопје.
- **07/1997 КОШУЛАТА КАКО ОСНОВЕН ЕЛЕМЕНТ ВО НАРОДНИТЕ НОСИИ ВО МАКЕДОНИЈА,** од колекцијата на Владимир Јаневски, Балкански фестивал на народни игри и песни, Охрид.

***Учество на семинари и конференции***

- **03-13/09/2009** *Macedonische danscursus*, Семинар за традиционална игра*,* Холандија.
- **08 / 2009** *Творештвото на Трајко Прокопиев во ансамблот Танец*, Сојуз на композитори на Македонија, Струга.
- **01-12/09/2008** *Macedonische danscursus*, Семинар за традиционална игра*,* Холандија.
- **01 / 2007** *Активности во средното образование,* квалификација за наставник-обучувач и спроведување на обуката за интерактивна наставна методологија на ниво на училиште, во организација на USAID.
- **12 / 2006** *Активности во средното образование,* Семинар за менторство на наставници, во организација на USAID, Струга.
- **15-19/02/2006** *Macedonische danscursus*, Семинар за традиционална игра*,* Холандија.
- **14-15/01/2006** *Atelier de dance traditionnelle*, Maison pour tois de Saint-Pierre, Семинар за традиционална игра*,* Брест, Франција.
- **25/12/2005-13/01/2006** *La ronde folklorique*, Семинар за традиционална игра*,* Лион, Франција (во шест училишни центри).

- **12 / 2005** *Активности во средното образование,* Обука за фацилитаторски вештини, во организација на USAID, Струга.
- **10 / 2005** *Workshop on inter-active learning methodologies,* во организација на USAID, Струга.
- **1-8/10/2005** *Народне игре Србије и Срба ван Србије,* 30-ти семинар за традиционална игра во организација на Центарот за проучување на народните игри во Србија, ФМУ, Белград. Одржан во Лозница, Србија. Позиција: слушател на курсот за лабаннотација.
- **21-26/01/2005** *Народне игре Србије – игре из Кобишнице и сокобањске области,* 29-ти семинар за традиционална игра во организација на Центарот за проучување на народните игри во Србија, ФМУ, Белград. Одржан во Лозница, Србија. Позиција: слушател на курсот за лабаннотација.

***Учество на телевизиски медиуми***

- **2008** Серијал од 40 емисии од областа на народната игра и песна на Телевизија „Алфа“.
- **2009/2010** Серијал од 20 емисии од областа на народната игра и песна на Телевизија „Сител“.

***Објавени трудови***

- **2007** *Macedonian Jewelry,* World dresses, Berg Encyclopedia, London, England.
- **2007** *Macedonian ritual dresses,* World dresses, Berg Encyclopedia, London, England.
- **2007** *Macedonian ethnic dresses,* World dresses, Berg Encyclopedia, London, England.
- **2004** *Undying creativity, A pictorial journey trough Macedonia*, Macedonia Direct, Skopje.
- **2004** *Пишање на невеста*, етнографски филм, Совет за радиодифузија, Скопје.
- **2004** *Водичарке*, етнографски филм, Совет за радиодифузија, Скопје.
- **2004** *Оплитање на невеста*, етнографски филм, Совет за радиодифузија, Скопје.
- **1995-1998** *Од ковчегот на баба ми*, рубрика за етнологија во списанието „Македонија“.

***Награди***

- **2004** Прва награда на меѓународниот фестивал за етнографски филм во организација на Етнографскиот музеј од Белград за филмот *Пишање на невеста.*
- **2003** Награда за посебен придонес во презентацијата на народната култура, во организација на „Модест“, Скопје.

***Членства***

- **Од 2003** Член на *International Dance Council*, УНЕСКО, Париз, Франција.
- **Од 1996** Член на *Македонското етнолошко друштво*, Скопје, Македонија.

***НАСТАВНО-ПЕДАГОШКА АКТИВНОСТ***

Кандидатот м-р Владимир Ѓорѓе Јаневски, наставно-педагошката активност ја започнува во Државниот музичко-балетски училиштен центар „Илија Николовски – Луј“ во Скопје, каде работи на Одделот за традиционална музика и игра, како професор по група предмети од областа на етнологијата и традиционални народни игри од 2001 година. Во претходниот професионален период бил дел од професионалниот Ансамбл за народни игри и песни на Македонија – „Танец“, каде бил на работно место – професионален играч и пејач во периодот 1986-2001. Од 2007 година е вработен како асистент на Одделот за етнокореологија при Факултетот за музичка уметност на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Кандидатот м-р Владимир Јаневски остварува завидна наставно-педагошка активност. За период од девет години колку што е активно вклучен во наставно-образовниот процес, покрај редовните наставни обврски околу континуираното изведување на редовната настава во средното училиште и на Универзитетот, има остварено многубројни концерти и активности како ментор-селектор на учениците од Одделот за традиционална музика и игра и студентите од Одделот за етнокореологија, како во земјава така и во странство. Кандидатот има големо професионално концертно искуство, концертирајќи со ансамблот „Танец“ на сцените низ Европа и светот.

Истовремено, во својство на предавач учествува на вкупно 10 (десет) стручни собири и семинари во земјава и во балканските држави, со теми од областа на етнокореологијата, традиционална музика и игра, методика на наставен час и други области. За потребите на наставниот процес во високото образование објавува прирачник за предметот *Етнокореологија со народни ора* и *методика на наставата по народни ора*, како и прирачник за предметот *Народни ора и танци* за VII, VIII и IX одделение основно образование. Исто така, изготвува и наставни програми и планови за Одделот за етнокореологија и Програма за предметите *Етнокореологија, Етнологија, Методика на настава по народни ора, Народно пеење, Историја на традиционална игра, Обредни игри* – за средно образование.

Во својство на претседател на жири комисии на државни натпревари и фестивали на традиционална песна и игра е повеќе од десетина пати. Кандидатот Владимир Јаневски снима преку шеесет телевизиски емисии во период 2008-2010 година, кои се однесуваат на традиционалната игра и песна на македонскиот народ.

***НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА РАБОТА***

Кандидатот м-р Владимир Јаневски во периодот 1995-2009 година објавувавкупно 5 (пет) стручни труда, 3 (три) етнографски филма (за филмот *Пишање на невеста* добива прва награда на Меѓународниот фестивал за етнографски филм во Белград), како и повеќе продолженија на стручни прилози од областа на народните носии на Македонците во текот на последователни три години. Истовремено, м-р Јаневски учествува во 11 истражувачки стручни проекти на разни позиции: ментор, истражувач-кустос, автор и сценарист. Учествува на повеќе од 14 стручни собири, обуки, семинари, научни конференции и воркшопови во Македонија, Србија, Холандија, Франција.

Со Одделот за етнокореологија при Универзитетот во Штип, од позиција на ментор има остварено неколку истражувачки проекти и теренски настави во делот за етнографијата и етнокореологијата со кои резултати е формирана лабораторијата со архивски материјали за традиционалната игра.

М-р Владимир Јаневски остварува 5 (пет) самостојни изложби на народни носии од сопствената богата колекција, и една во коавторство.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Рецензентската комисија смета дека пријавените кандидати д-р Ванчо Жан Колев и м-р Владимир Ѓорѓе Јаневски имаат завидна актива, секој во својата област.

Од увидот во пристигнатите документи на двајцата кандидати, по однос на наставно-педагошката дејност, како и во делот за научноистражувачката активност, Рецензентската комисија смета дека кај д-р Ванчо-Жан Колев недостасуваа релевантни документи од кои би се видела наставно-педагошката актива на кандидатот во изминатиот период. Исто така, недостасуваат информации за ангажираноста во периодот 2007-2010, како и за моменталниот професионален статус и ангажман. Од приложениот материјал може да се види дека нема трудови од областа на народните ора.

Кандидатот м-р Владимир Ѓорѓе Јаневски, континуирано е ангажиран во наставно-образовниот процес во периодот 2001-2010 со учениците и студентите на традиционална музика и игра и етнокореологија, каде со завидна успешност ги реализира предвдените наставни содржини. Рецензентската комисија е на мислење дека досега овој кандидат е изграден како наставник и во наставниот процес покажува перманентно високи педагошки квалитети со исклучително богата наставна активност. Комисијата особено ја нагласува големата и успешна лична концертна актива, како и концертна актива како раководител-ментор на своите ученици и студенти.

Врз основа на изнесеното во Извештајот, имајќи го предвид основата на предметот *Методика на народни ора* за кој е распишан Конкурсот, Рецензенската комисија му дава предност на кандидатот м-р Владимир Ѓорѓе Јаневски и смета дека овој кандидат ги задоволува бараните критериуми на објавениот конкурс по сите основи. Во таа смисла,

имаме чест да му предложиме на Наставно-научниот совет на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, по објавениот **Конкурс за избор на наставник за наставно-научната уметничка област** ***методика на настава по народни ора*****, во сите звања, да го избере кандидатот м-р Владимир Ѓорѓе Јаневски во наставното звање доцент.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Оливера Васиќ, с.р.**
**Д-р Мирјана П. Мирчевска, с.р.**
**Д-р Родна Величковска, с.р.**

**Табела за вреднување на активностите за избор на кандидатот**
**д-р Ванчо-Жан Колев**

| | **Наставно-образовна дејност** | **во земјава** | **во странство** |
|---|---|---|---|
| 1. | Интерна скрипта од предавања | 4 | |
| 2. | Основен школски или средношколски учебник или научно-популарна книга | 30 | |
| 3. | Одржани предавања (или консултации) на постдипломски студии по одржан курс | 3 | |
| | **Вкупно** | **37** | |
| | | | **37** |

| | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **во земјава** | **во странство** |
|---|---|---|---|
| 1. | Монографија или научна книга | 100 | |
| 2. | Учество на научен собир со реферат, (постер/усно) концерт во земјава и во странство | 10 | 23 |
| 3. | Одржано предавање по покана од научна институција, музички настап на официјален концерт | | 9 |
| 4. | Одбранета докторска теза | 8 | |
| 5. | Одбранета магистерска работа | 4 | |
| | **Вкупно** | **122** | **32** |
| | | | **154** |

| | **Стручно-апликативна дејност и организационо-развојна дејност** | **во земјава** | **во странство** |
|---|---|---|---|
| 1. | Труд во стручно списание | 6 | |
| 2. | Продекан | 8 | |
| | Вкупно | **14** | |
| | | | **14** |

**Табела за вреднување на активности за избор на кандидатот**
**м-р Владимир Јаневски**

| | **Наставно – образовна дејност** | **во земјава** | **во странство** |
|---|---|---|---|
| 1 | Основен школски и средношколски учебник | 10 | |
| 2 | Издавање на наставни содржини (ЦД) визуелни помагала за настава | 18 | |
| 3 | Учество во РТВ програма | 30 | |
| 4 | Раководител на семинар | | 8 |
| 5 | Раководител на студент или ученик во студентска или ученичка манифестација | 15 | |
| 6 | Вежби и предавања | 10 | |
| 7 | Член на комисија во натпревари | | 1 |
| 8 | Воведување на нов наставен предмет | 9 | |
| | Вкупно | **92** | **9** |
| | | | **101** |

| | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **во земјава** | **во странство** |
|---|---|---|---|
| 1 | Музички настап на официјален концерт | 40 | 18 |
| | Претседател на фестивал | 2 | 3 |
| | Член на фестивал | 1 | |
| | Основач на научна лабораторија | 4 | |
| | Награди и признанија | | 10 |
| 2 | Учество на научен собир со реферат | 4.5 | |
| 3 | Одбранета магистерска работа | 4 | |
| | Вкупно | **68,5** | **18** |
| | | | **86,5** |

| | **Стручно-апликативна дејност и организационо-развојна дејност** | **во земјава** | **во странство** |
|---|---|---|---|
| 1 | Труд во стручно списание | 2 | |
| 2 | Учесник во научен проект | 5 | |
| 3 | Член на факултетска комисија | 8 | |
| | Вкупно | **15** | |
| | | | **15** |